**ЗАПИСНИК**
**Од 61-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 18.07.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, јули 2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-1716/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 61-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 18.07.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Шеесет и првата седница на Општина Бутел се одржа на 18.07.2025 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Теодора Спасенцовска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Стојан Петкуќевски, Александар Ѓорчевски, Сељвете Муртези, Љејља Исени, Дарко Димовски, Мартин Бошковиќ, Оливера Ливриниќ,Чедо Николовски, Аљајдин Сали и Вулнет Селими.
Отсутен: Ѓокица Божиновски

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски, Шефот на кабинетот на Градоначалникот, Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов го стави на гласање Записникот од 60-та седница и констатира дека Советот со 17 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог - Одлука за усвојување на периодични извештаи за вториот квартал од 2025 година.
2. Предлог - План за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година.
3. Предлог – Програма за дополнување на Програмата Л – Спорт и рекреација за 2025 година.
4. Предлог – Програма Н – Образование (капитални расходи) за 2025 година.
5. Предлог - Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

6. Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на Општина Бутел за 2026 година.
7. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
8. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
9. Годишен Извештај за работата на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
10. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Св. Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
11. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
12. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
13. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
14. Годишен Извештај за работата на ООУ„ Визбегово“ с. Визбегово, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
15. Годишен Извештај за работата на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за период од 2024-2025 година.
16. Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за 2026 година.
17. Предлог – Одлука за ослободување од партиципација за користење на услугите на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел.
18. Предлог – Одлука за давање на согласност за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел.
19. Предлог – Одлука за утврдување на работното време на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел.
20. Предлог – Одлука за суспензија на применување на Блок 1 од Деталниот урбанистички план Градска четврт С 16, Општина Бутел, плански период 2014 – 2019.
21. Предлог – Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Измена и дополнување на деталниот урбанистички план Градска четврт С 16 – Блок 1, Општина Бутел, плански период 2025 – 2030.
22. Предлог – Правилник за систематизација на работни места во ЈОУДГ „11 Октомври“ Бутел – Скопје.

Претседателот на Советот Проф. Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ца Јасмина Кирковска и побара дополнување на Дневниот ред со уште една точка: Предлог – Програма за дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година.

За збор се пријави советникот г. Никола Божиновски и побара дополнување на Дневниот ред со уште две точки: Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на ФС „Плетеница и Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на Здружение на граѓани Илинденски марш 1987 година.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот Дневен ред со дополнителните точки.

Советниците со 13 гласови „ЗА„ 3 „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот Дневниот ред со дополнителните точки.

**По првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за. усвојување на периодични извештаи за вториот квартал од 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање,буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за. усвојување на периодични извештаи за вториот квартал од 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за усвојување на периодични извештаи за вториот квартал од 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка од Дневниот ред.

Советниците со 16 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од Дневниот ред.

**По втората точка од Дневниот ред Предлог - План за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање,буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата го рагледа и прифати Предлог - Планот за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година и го доставува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог - Планот за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка од Дневниот ред.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски и му се заблагодари на г. Андреј Димов за деталното образложение. Истакна дека би сакал да појасни дека над пет милиони евра и проектите што ги образложил раководителот на секторот за финансиски прашања г.Андреј Димов се обезбедени од унгарскиот кредит од

владата и нагласи дека би сакал да истакне дека освен овие средства Премиерот лично изнашол начин да обезбеди дополнителни четири милиони евра од кои половина од тие средства се за водоводот во с. Љуботен а половина се за нова Поликлиника во Општина Бутел и тоа што е многу важно за двата проекти е што се историски настани за општината. Градоначалникот појасни дека проектната документација е целосно завршена за двата проекта и нагласи дека процедурата била многу сложена и затоа траела подолго време.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Николовска и изјави дека и преставува чест што е дел од овој Совет и истакна дека навистина се работи за историски момент за општината со реализирање на овие големи проекти. Советничката упати благодарност до Градоначалникот г. Дарко Костовски за сите негови заложби за општината. Исто така се заблагодари и на владата што и дава можност на Општина Бутел да напредува.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и изјави дека проектите се навистина за поздравување без разлика на тоа, кој од која политичка партија и етничка заедница доаѓа, нагласи дека овие проекти се за доброто на сите граѓани. Советникот истакна и дека му преставува голема чест што е дел од овој Совет.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка од Дневниот ред.

Советниците со 16 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија втората точка од Дневниот ред.

**По третата точка од Дневниот ред Предлог – Програма за дополнување на Програмата Л – Спорт и рекреација за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Програмата за дополнување на Програмата Л – Спорт и рекреација за 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Програмата за дополнување на Програмата Л – Спорт и рекреација за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по третата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање третата точка од Дневниот ред.

Советниците со 16 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија третата точка од Дневниот ред.

**По четвртата точка од Дневниот ред Предлог – Програма Н – Образование (капитални расходи) за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на

комисијата за финансирање,буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Програмата Н – Образование (капитални расходи) за 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Програмата Н – Образование (капитални расходи) за 2025 година.
Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање четвртата точка од Дневниот ред.

Советниците со 16 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четвртата точка од Дневниот ред.

**По петата точка од Дневниот ред Предлог - Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ги рагледа и прифати Предлог - Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година и ги доставува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог - Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година.
Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по петата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека има две прашање за раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов. Советникот побара да му се објасни, која е причината поради која ставката 425 610 услуги за заштита на водите, реките и езерата се зголемува од нула на три ипол милиони денари а второто прашање се однесува за ставката 481 220 набавка или изградба на деловен објект, посочи дека ставката се зголемува од нула на десет милиони денари.

На прашањето на советникот одговори раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов. Раководителот одговори дека ставката 425 610 се зголемува поради чистење на реката Серава а ставката 481 220 се зголемува поради отварање на програма со која ќе се гради Градинката во Бутел 2.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање петата точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија петата точка од Дневниот ред.

**По шестата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на Општина Бутел за 2026 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за статут и прописи г-ѓа Весна Ѓорѓевска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на Општина Бутел за 2026 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева да даде образложение по оваа точка.

Преставничката од Одделението за човечки ресурси г-ѓа Марија Наќева даде детално образложение по Предлог – Одлуката за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на Општина Бутел за 2026 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по шестата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање шестата точка од Дневниот ред.

Советниците со 9 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија шестата точка од Дневниот ред.

**По седмата, осмата, деветата, десетата, единаесетата, дванаесетата, тринаесетата и четиринаесетата точка од Дневниот ред:**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Св. Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.**
**- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Визбегово“ с. Визбегово, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по овие точки.

Советничката истакна дека комисијата ги рагледа и прифати:
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Св. Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Визбегово“ с. Визбегово, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година и ги доставува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точките. Бидејќи се работи за иста содржина точките се спојуваат.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по:
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Св. Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.
- Годишен Извештај за работата на ООУ„ Визбегово“ с. Визбегово, Општина Бутел за учебната 2024-2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по седмата, осмата, деветата, десетата, единаесетата, дванаесетата, тринаесетата и четиринаесетата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање седмата, осмата, деветата, десетата, единаесетата, дванаесетата, тринаесетата и четиринаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ги усвоија седмата, осмата, деветата, десетата, единаесетата, дванаесетата, тринаесетата и четиринаесетата точка од Дневниот ред.

**По петнаесетата точка од Дневниот ред Годишен Извештај за работата на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за период од 2024-2025 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата го рагледа и прифати Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за период од 2024-2025 година и го доставува до Советот да го донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за период од 2024-2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по петнаесетата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање петнаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија петнаесетата точка точка од Дневниот ред.

**По шеснаесетата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел за 2026 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „11 Октомври и го доставува до Советот да го донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Предлог – Одлука за давање на согласнот на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „11 Октомври.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по шеснаесетата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека има забелешка за тоа што не му бил доставен на меил од страна на службите Табеларниот преглед од Годишниот план за вработување на градинката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска му одговори на советникот дека од нејзина страна материјалот е доставен до службите и дека најверојатно се работи за техничка грешка.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање шеснаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 15 гласа „ЗА", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ" ја усвоија шеснаесетата точка точка од Дневниот ред.

**По седумнаесетата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за ослободување од партиципација за користење на услугите на ЈОУДГ „11 Октомври", Општина Бутел,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за ослободување од партиципација за користење на услугите на ЈОУДГ „11 Октомври", Општина Бутел и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Предлог – Одлуката за ослободување од партиципација за користење на услугите на ЈОУДГ „11 Октомври", Општина Бутел.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по седумнаесетата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и побараинформација за која бројка на деца се работи, што ќе бидат опфатени во оваа мерка.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска му одговори на советникот дека минатата година имало опфатено околу 30 деца од сите клонови на Општина Бутел.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање седумнаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 15 гласа „ЗА", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ" ја усвоија седумнаесетата точка точка од Дневниот ред.

**По осумнаесетата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за давање на согласност за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „11 Октомври", Општина Бутел,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за давање на согласност за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ

„11 Октомври“, Општина Бутел и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Предлог – Одлуката за давање на согласност за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по осумнаесетата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ѓа Сељавете Муртези и замоли да бидат по јасни работите за зголемување на нормативите. Советничката нагласи дека нормативите не се исти во сите клонови на Оптина Бутел и посочи дека не е во ред некои групи да се со триесет деца а други со десет деца.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и побара објаснување. Советникот посочи дека проектиран капацитет на градинката е 960 деца, 860 деца е моментален капацитет на градинка, 985 има опфат на деца, односно плус 125 од капацитетот се сместени во градинката според извештајот кој е доставен од градинката, праша дали со донесување на Одлуката за проширување на воспитните групи ќе се зголемат воспитните групи плус од ова што е наведено. Советникот исто така истакна дека на предходни седници е дискутирано дека воспитните групи се со многу голем број на деца и има потешкотии за се одвива воспитниот процес од страна на воспитувчките.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска му одговори на советникот дека моменталниот норматив не се зголемува со оваа Одлука, само се продолжува незината важност.

За збор се пријави повторно советникот г. Дарко Димовски и праша кое е времетраењето на важноста на Одлуката и исто постави прашање во врска со пеесете деца кои се на список на чекање за прием во градинка, праша дали се работи за деца од Општина Бутел или за деца од други општини.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска му одговори на советникот дека важноста на Одлуката е во времетраење од една година од денот кога е донесена. А на второто прашање му одговори дека децата кои се на список за чекање за прием во градинка 70 проценти се се од Општина Бутел а 30 проценти се од околните општини.

За збор се пријави советникот г.Дарко Димовски и изјави дека оваа Одлука се коси со Одлуката што е донесена на предходни седници, да не се примаат деца од други Општини.

Г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска му одговори на советникот дека оваа Одлука важи само за Општина Бутел не и за другите општини.

За збор се пријавин советничката г-ѓа Сељвете Муртези и изјави дека би сакала да даде предлог идеја, да се покачи партиципацијата за плаќање на градинка и нагласи дека сите општини ја покачиле партиципацијата. Советничката изјави и дека поради пониската партиципација децата од чаир ги запишуваат во градинката на Општина Бутел.

За збор се пријави Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и и посочи на советничката г-ѓа Сељвете Муртези дека децата од Општина Чаир што одат во градинката на Општина Бутел се примени од предходно и дека нови не се примени. Исто така г. Горјан му се обрати и на советникот г. Дарко Димовски во врска со забелешката на дека е донесена Одлука да не се примаат деца од други општини, му посочи дека таа Одлука се однесува за училиштата а не за градинката.

За збор се пријави советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ и изјави дека е добро што се развила дебата за градинката и исто така се заблагодари на Преставничката од Одделението за јавни дејности и мена самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска за опширното образложение. Советничката изјави и дека би било добро на седницата да присуствува и Директорката на градинката, но се надева дека ќе и биде пренесено, да се земе во предвид во врска со зголемувањето на воспитните групи, да не бидат опфатени јаслените групи или да се размислува за отварање на нови групи во самите градинки со цел да се примат и тие дечиња што се на листата за чекање.

За збор се пријави Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и се обрати на советничката г-ѓа Оливера Ливриниќ. И посочи дека никогаш порано не се работело повеќе на квалитетот на услугите во градинката. г. Горјан изјави дека би сакал да сподели и уште една одлична информација а тоа е дека и с. Визбегово ќе добие градинка, односно старото општинско училиште ќе биде пренаменето во градинка. Исто така појасни дека оптеретувањето на градинката се должи на тоа што градинката во Бутел 2 е во изградба и сите деца кои го посетувале тој клон се распределени по другите клонови.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот  на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање осумнаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со  14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија осумнаесетата точка точка од Дневниот ред.

**По деветнаесетата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за утврдување на работното време на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел и ја доставува Советот да ја донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Предлог – Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДГ „11 Октомври“, Општина Бутел

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по деветнаесетата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање деветнаесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија деветнаесетата точка точка од Дневниот ред.

**По дваесетата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за суспензија на применување на Блок 1 од Деталниот урбанистички план Градска четврт С 16, Општина Бутел, плански период 2014 – 2019,** збор му беше даден на претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г. Никола Божиновски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог – Одлука за суспензија на применување на Блок 1 од Деталниот урбанистички план Градска четврт С 16, Општина Бутел, плански период 2014 – 2019 и ја доставува Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска да даде образложение по точката.

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска даде детално образложение по Предлог – Одлука за суспензија на применување на Блок 1 од Деталниот урбанистички план Градска четврт С 16, Општина Бутел, плански период 2014 – 2019.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесетата точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и побара раководителката да му објасни која е причината за да се донесе Одлука за суспензија.

Раководителката му одговори на советникот дека по извршена анализа во стручниот елаборат докажано е дека нумеричките податоци односно параметри кои што се прикажани може да се види дека се неколку пати поголеми отколку што се предвидени во ГУПОТ и врз основ на таа неусогласеност се донесува Одлука за суспензија.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и побара дообјаснување. Спветникот истакна дека како што можел да забележи во тој дел е А2 односно згради, приземје, пет спрата, плус поткровје, праша дали треба да значи дека биле повисоки и сега се намалуваат, или овие се суспензираат, има А2 и Б2, има и трговски центар, праша дали ова се суспензира или на ова се враќа.

Раководителката му одговори на советникот дека со Предлогот за суспензија се суспензира тој блок А2, Б+5 и поткровје.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесетата точка од Дневниот ред.

Советниците со 10 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесетата точка точка од Дневниот ред.

**По дваесет и првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Измена и дополнување на деталниот урбанистички план Градска четврт С 16 – Блок 1, Општина Бутел, плански период 2025 – 2030, ,** збор му беше даден на претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г. Никола Божиновски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог – Одлуката за отпочнување на постапка за донесување на Измена и дополнување на деталниот урбанистички план Градска четврт С 16 – Блок 1, Општина Бутел, плански период 2025 – 2030 и ја доставува Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска да даде образложение по точката.

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска даде детално образложение по Предлог – Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Измена и дополнување на деталниот урбанистички план Градска четврт С 16 – Блок 1, Општина Бутел, плански период 2025 – 2030 Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесетата точка од Дневниот ред.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесет и првата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесет и првата точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесет и првата точка точка од Дневниот ред.

**По дваесет и втората точка од Дневниот ред Предлог – Правилник за систематизација на работни места во ЈОУДГ „11 Октомври“ Бутел – Скопје,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за Општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата го рагледа и прифати Предлог – Правилникот за систематизација на работни места во ЈОУДГ „11 Октомври“ Бутел – Скопје и го доставува до Советот да го донесе во продолжениоет текст.

Збор и беше даден на преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Оделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска Стефановска даде детално образложение по Предлог – Правилникот за систематизација на работни места во ЈОУДГ „11 Октомври“ Бутел – Скопје.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесет и втората точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесет и втората точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесет и втората точка точка од Дневниот ред.

**По дваесет и третата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Програма за дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше даден претседателката на комисијата за финансирање г-ца Јасмина Кирковска како предлагач на точката да даде извештај по истата.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Програмата за дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година и ја доставува до Советот да го донесе во продолжениоет текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Програмата за дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесет и третата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесет и третата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 14 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесет и третата дополнителна точка точка од Дневниот ред.

**По дваесет и четвртата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на ФС „Плетеница,** збор му беше даден на советникот г. Никола Божиновски како предлагач на точката даде извештај по истата.

Советникот г. Никола Божиновски даде детално образложение по Предлог – Одлуката за доделување на еднократна парична помош на ФС „Плетеница.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесет и четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесет и четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 11 гласа „ЗА“, 2 „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесет и четвртата дополнителна точка точка од Дневниот ред.

**По дваесет и петата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на Здружение на граѓани Илинденски марш 1987 година,** збор му беше даден на советникот г. Никола Божиновски како предлагач на точката даде извештај по истата.

Советникот г. Никола Божиновски даде детално образложение по Предлог – Одлуката за доделување на еднократна парична помош на Здружение на граѓани Илинденски марш 1987 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по дваесет и петата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање дваесет и четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 11 гласа „ЗА“, 2 „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дваесет и петата дополнителна точка точка од Дневниот ред.

Пред завршување на седницата се пријави за збор раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и упати апел до предлагачот на дополнителните точки за финансиска помош, комплетната документација да биде доставена до Секторот за финансиски прашања.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов констатираше дека шеесет и првата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Проф. д-р Игор Николов